**Заклучоци**

**РЕГИОНАЛЕН СОСТАНОК НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ПОСВЕТЕН НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА МАЛОЛЕТНИЦИТЕ ВО РЕАЛНИТЕ ШОУ ПРОГРАМИ**

**6-7 јули 2015 г., Будва/Пржно**

Со поддршка од проектот на Советот на Европа, „Унапредување на слободата на изразување и информирање и слободата на медиумите во Југоисточна Европа“, претставници на Регулаторната агенција за комуникации на Босна и Херцеговина, Агенцијата за електронски медиуми на Црна Гора, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Македонија и Регулаторното тело за електронски медиуми на Србија, на 6 и 7 јули одржаа состанок во Будва, посветен на унапредување на соработката во областа на заштитата на малолетниците.

Учесниците на состанокот, заедно со експерти од Словенија и Хрватска, разменија искуства во врска со регулацијата во оваа област, со посебен акцент врз распоредувањето и означувањето на реалните шоу програми кои се сѐ повеќе застапени во понудата на телевизиите во овие земји.

Иницијативата за организирање на овој состанок дојде од сите претставници на регулаторните тела во регионот, за да се разгледаат мерките што можат да се применат во поглед на реалните шоу програми и сите останати содржини кои би можеле сериозно да го нарушат физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетниците.

Учесниците на состанокот се согласија дека конвергенцијата на медиумите и новите начини на дистрибуција на содржините изискуваат нови пристапи, подготовка на препораки за родителите/децата и унапредување на соработката како со давателите на услуги така и со другите регулаторни тела. Во сите презентации беше истакнато дека давателите на медиумски услуги се обврзани да обезбедат заштита на малолетниците од потенцијално несоодветни и штетни содржини и да извршат категоризација на содржините, при тоа имајќи предвид дека малолетниците не се универзална категорија, туку дека за различни содржини постојат различни старосни граници. Меѓутоа, освен што е важно да се санкционираат кршењата на правата на малолетниците во емитуваните содржини, исто така е важно и да се подига свеста и да се работи на едукацијата на оние кои ги произведуваат, пласираат медиумските содржини, како и на самите корисници на медиумските услуги.

Се разговараше за меѓународните стандарди во оваа област – Конвенцијата за прекугранична ТВ, Директивата за АВМУ, Конвенцијата за правата на детето и

значењето на соработката, взаемната помош помеѓу регулаторите во регионот, заедничкото решавање на сите тешкотии во примената на инструментите на билатерално или мултилатерално ниво помеѓу регулаторите кои се директно вклучени во некое прашање.

**Заклучоци и следни чекори:**

- Пред почетокот на емитувањето нови, најавени реални шоу програми, договорено е регулаторните тела да се состанат со телевизиските програмски сервиси и да ги потсетат на домашните и меѓународните стандарди во областа на заштитата на малолетниците;
- Покрај програмските сервиси, во оваа проблематика потребно е да се вклучат и други институции и организации кои се бават со заштитата на правата на детето и кои исто така би можеле да реагираат во случаите на кршење на правата на детето и прикажување содржини штетни за малолетниците (народни правобранители, заштитници на правата на малолетниците, вработени во институциите за социјална заштита и сл.)
- Сите присутни се согласија дека е неопходно да се организираат додатни активности на оваа тема, како и барем еден поголем регионален собир кој би ги собрал сите релевантни актери (претставници на регулаторните тела, програмските сервиси, невладините организации, народните правобранители и претставниците на други институции и меѓународни организации).
- Вмрежувањето и регионалната соработка се битни за размена на најдобрите практики, а тоа е од посебна важност за земјите кои се соочуваат со слични предизвици во областа на медиумите. Заради полесна и побрза комуникација, претставниците на сите регулаторни тела кои присуствуваа на овој состанок ќе одредат лица за контакт кои ќе разменуваат коментари, прашања и ќе предлагаат можни решенија во случаите каде е потребно да се реагира и да се заштитат правата на малолетниците. Договорено е сите регулаторни тела да му испратат на Советот на Европа име и податоци за контакт од својот претставник, најдоцна до крајот на јули.
- Регулаторното тело за електронски медиуми на Србија подготвува студија за реалните шоу програми која ќе биде завршена до крајот на јули 2015 година. Договорено е студијата да им се испрати на сите регулаторни тела во регионот. Советот на Европа ќе ја преведе студијата на англиски, и ќе го поддржи нејзиното објавување (ако тоа биде можно, со оглед на кратките рокови и фактот дека медиумскиот проект на Советот на Европа завршува на 31 август 2015 г.).
- Учесниците заедно подготвија соопштение за јавност, кое содржи информации за овој состанок. Истакната е подготвеноста за продолжување на соработката со

цел заштита на малолетниците во електронските медиуми, со посебен осврт на превенцијата на кршење на стандардите, унапредување на мониторингот на содржините и координација на активностите.

- Нагласена е потребата да се ревидира Конвенцијата за прекугранична телевизија и таа порака да им се пренесе на Советот на Европа и Европската унија, секогаш кога ќе биде возможно.
- Советот на Европа ќе ги продолжи понатамошните активности насочени кон јакнење на регионалната соработка и примената на меѓународни стандарди.